**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ б.б., 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, www.mrt.com.mk

Врз основа на член 6 став (2) од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 132 став (1) алинеи 8, 9 и 10 од Законот аудио и аудио визуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21,154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 67 став (1) алинеи 8, 9 и 10 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје бр. 01-1414/2 од 05.03.2026 година и член 5 став (15) од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2, од 13.11.2020 година, Директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија ја донесе следната

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 04-1630/12
02-04-2026 20___год.
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА

за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2026 за унапредување на 1 (еден) давател на јавни услуги во ЈРП Македонска радио телевизија

1. За работното место ИНФ 03 04 А01 001 - Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ Канал 3 Музика / забава/ култура / спорт, Трет програмски сервис на МТВ Канал 3 Музика / забава/ култура / спорт МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – МТВ, се избира **Бранко Чупески.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По објавениот интерен оглас број 01/2026 објавен на огласна табла и на веб страната на ЈРП Македонската радио телевизија на 17.03.2026 година за унапредување на 1 (еден) давател на јавни услуги во ЈРП Македонска радио телевизија, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на директорот на МРТ со Одлука бр.04-1630/3 од 18.03.2026 година, направи административна селекција и состави Записник за административна селекција бр.04-1630/7 од 24.03.2026 година, по што во понатамошната постапка согласно Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија Комисијата одржа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно законот и Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска радио телевизија и состави Записник за спроведување на интервју бр. 04-1630/8 од 26.03.2026 година. Врз основа на освоените бодови од интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати со предлог Одлука за избор на прворангираниот кандидат со бр.04-1630/9 од 27.03.2026 година. Врз основа на ранг листата, а по обезбедено Мислење на уредништвото бр.02-1630 /11 од 31.03.2026 година и согласноста на Програмскиот сервис на МРТ бр.02-1888/2 од 02.04.2026 година, Директорот на ЈРП Македонска радио телевизија донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев" б.б., 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, *www.mrt.com.mk*

По конечноста на оваа одлука, ќе се склучи договор со **Бранко Чупески** за Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ Канал 3 Музика/ забава/ култура/ спорт, Трет програмски сервис на МТВ Канал 3 Музика/ забава/ култура/ спорт, МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – МТВ.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на приговор до Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио телевизија во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и огласната табла на МРТ.

Директор на ЈРП МРТ
Марјан Цветковски

Доставено до:

-Избраниот кандидат
-Сектор за управување со човечки ресурси x 2
-Оделение за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми
-Архива x 2